## Пример за сметководствено евидентирање на средствата преземени врз основа на нанаплатени побарувања

**Пример:** Банката има побарување во вкупен износ од 100 денари (80 денари главница и 20 денари камата). Проценета пазарна вредност на обезбедувањето е 70 денари и издвоена е исправка на вредноста на побарувањето за главница од 70% (56 денари) и 100% исправка на вредноста на нефункционалното побарување за камата (20 денари).

### <u>Почетно признавање</u>

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *во МКД* |
| 06x1 | | Почетна сметководствена вредност | 70 | |
| | 5xx90 | Сомнителни и спорни побарувања (побарување врз основа на главница) | | 50 |
| | 15x90 | Сомнителни и спорни побарувања врз основа на камати | | 20 |

*преземање на средството и затварање на побарувањата*

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *во МКД* |
| 5xx99 | | Исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања (побарување врз основа на главница) | 35 | |
| 15x99 | | Исправка на вредноста врз основа на сомнителните и спорни побарувања (врз основа на камати) | 20 | |
| | 90592 | Ревалоризациска резерва и останати разлики од вреднувањето на други ставки | | 41 |
| | 06x8 | Оштетување | | 14 |

*затварање на исправката на вредноста на затвореното побарување во билансот на состојба со преземање на средството и соодветно издвојување на:*

*- оштетување на преземеното средство на датумот на преземање (20% или 14 денари) во билансот на состојба, и*

*- ревалоризациска резерва еднаква на разликата меѓу затворената исправка на вредноста на затвореното побарување со преземање на средството во билансот на состојба (55 денари) и износот на оштетувањето на преземеното средство на датумот на преземање (20% или 14 денари).*

**Доколку банката нема можност да го наплати остатокот од побарувањето од клиентот или од друго обезбедување, односно одлучи да го отпише остатокот од побарувањето:**

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува *во МКД* |
|---|---|---|---|---|
| 64100 | | Исправка на вредноста на кредитите и пласманите/Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) | 9 | |
| | 5xx99 | Исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања (побарување врз основа на главница) | | 9 |

*евидентирање на дополнителна исправка на вредноста за остатокот на побарувањето коешто не е затворено со преземеното средство (од 70% на 100% исправка).*
*<u>Пресметка:</u> Од вкупниот износ на евидентирана исправка 56 денари, се одзема ослободениот износ од 35 единици и на разликата од 21 денари се додаваат овие 9 денари за да може да се спроведе отписот согласно книжењата кои следуваат:*

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува *во МКД* |
|---|---|---|---|---|
| 5xx99 | | Исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања (побарување врз основа на главница) | 30 | |
| | 5xx90 | Сомнителни и спорни побарувања (побарување врз основа на главница) | | 30 |

*отпис на преостанатиот ненаплатен дел од побарувањето*

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува *во МКД* |
|---|---|---|---|---|
| 9903 | | Отпишани побарувања по кредити | 30 | |
| | 9953 | Отпишани побарувања по кредити | | 30 |

*евидентирање на отпишаниот дел од побарувањето на вонбилансна евиденција*

**<u>Последователно мерење</u>**

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува *во МКД* |
|---|---|---|---|---|
| 64220 | | Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања | 11* | |
| | 06x8 | Оштетување | | 11* |

*Последователно мерење по истекот на првата година по датумот на преземањето*
*се претпоставува дека во наредните години разликата помеѓу проценетата вредност и нето-вредноста на преземеното средство е помала од 20% од нето-вредноста на средството, и банката издвојува загуба за оштетување: по првата година - 11 денари,

по втората - 9 денари, по третата - 7 денари, по четвртата 6 денари и на крајот на петтата година - 23 денари.

## Продажба на преземеното средство

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *во МКД* |
| 1000 (или побарување) | | Сметка на банката (или побарување) | xxxx | |
| 06x8 | | Оштетување | xxxx | |
| 639* | | Капитална загуба реализирана од продажба на средства | xxxx | |
| | 06x1 | Почетна сметководствена вредност | | 70 |
| | 659* | Капитални добивки реализирани од продажбата на средствата | | xxxx |

*Продажба на преземеното средство*

*во зависност од постигната продажна цена, ќе се евидентира на сметката 639 или на сметката 659.

*пример за продажба на преземеното средство*: преземеното средство се продава по продажна цена од 60 денари, по втората година од датумот на преземање.

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *во МКД* |
| 1000 (или побарување) | | Сметка на банката (или побарување) | 60 | |
| 06x8 | | Оштетување | 34 | |
| | 06x1 | Почетна сметководствена вредност | | 70 |
| | 659 | Капитални добивки реализирани од продажбата на средствата | | 24 |

*Продажба на преземеното средство по втората година од датумот на преземање и реализирање на капитална добивка*

**<u>Ослободување на износот на ревалоризациска резерва при продажба на средството</u>**

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *во МКД* |
| 90592 | | Ревалоризациска резерва и останати разлики од вреднувањето на други ставки | 41 | |
| | 64251 | Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на останатите нефинансиски средства/Ослободување на исправката на вредноста (Загуби поради оштетување) | | 41 |

*Затварање на ревалоризациската резерва и ослободување на исправката на вредноста на останатите нефинансиски средства.*

**<u>Ослободување на износот на ревалоризациската резерва кога не е извршена продажба на преземеното средство (Собранието на банката донело Одлука за издвојување на дел од тековната добивка во резерви или во задржана нераспоредена добивка во износ еднаков на издвоената ревалоризациска резерва за преземеното средство)</u>**

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *во МКД* |
| 2190 | | Добивка за годината | 41 | |
| | 90601 | Задржана добивка/Ограничена за распределба на акционерите | | 41 |

*одлука на Собранието за распределба на добивката по оданочување*

| Должи | Побарува | Опис на сметка | Промет должи | Промет побарува |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *во МКД* |
| 90592 | | Ревалоризациска резерва и останати разлики од вреднувањето на други ставки | 41 | |
| | 64251 | Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на останатите нефинансиски средства/Ослободување на исправката на вредноста (Загуби поради оштетување) | | 41 |

*Затварање на ревалоризациската резерва и ослободување на исправката на вредноста на останатите нефинансиски средства.*

*<u>Приходот од ослободената ревалоризациска резерва ќе се прикаже во годината во која е донесена Одлуката на Собранието.</u>*